# *СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА*

**ЕДНОДЕЛНО ЛЕАНИ ФИКСНОПРОТЕТИЧКИ КОНСТРУКЦИИ**

**КЛИНИЧКА И ТЕХНИЧКА ИЗРАБОТКА**

*ЕФТИМ МИРЧЕВ*

ИЗДАВАЧ: „ПРОСВЕТНО ДЕЛО", СКОПЈЕ, 1984




Необично е задоволството да се има в раце една стручно и коректно напишана книга, со правилен протетички јазик, каква што е авторската работа на доц. д-р ***ЕФТИМ МИРЧЕВ***, негов втор учебник од доменот на фиксната стоматолошка протетика. Бурните промени во начинот на изработката на коронките во последниве две децении ги надминаа старите начини на нивната изработка и навистина се чувствуваше недостиг на соодветна материја, во која би биле изложени ставовите по таа проблематика. Долгогодишното сопствено клиничко искуство, набљудувањата на тешкотиите сврзани за работата на техничарите, како и тие на претклиничките вежби, овозможија во колегата Мирчев да созрее идејата за прикажување на ставовите по таа проблематика. Со големо чувство за сеопфатно, суптилно изложување на материјата, со жар следејќи го својот протетички дух, тој го подготви учебникот *СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА* – еднodелно леани фиксни протетички конструкции – Клиничка и техничка изработка. Со јасен и прифатлив стил, учебникот е пристапен за основна едукација во наставата, но исто така и за надградба на веќе здобиеното знаење.

Материјата е поделена на три поглавја, кои, преминувајќи едно во друго, цврсто се поврзани во една монолитна целина. Учебникот е печатен на 268 страници, содржи 175 сопствени и фотографии од други автори. Богато концентрираната домашна и странска библиографија е така конципирана што дава јасна слика за материјалот на кој се однесува.

На вештачките коронки им е посветено првото поглавје. Во појдовните содржини е концентриран материјал за неопходните подготовки пред почнувањето на нивната изработка. Веднаш потоа, конкретно и коректно е изнесено значењето на индикациите, контраиндикациите и условите за изработка на коронки. На читателот многу вешто му се презентирани најсовремените методи за препарација на забите, нивната заштита, како и начините за отпечатување. Потоа, следејќи ја сопствената концепција, изложени се начините на поделбата и изра-

ботката на едноделно леаните коронки. Излагањето на материјата продолжува со клиничките методи за тестирање на фикснопротетичките конструкции, нивното привремено и дефинитивно прицрстување на истружените забни трупчиња. На крајот од поглавјето се изнесени полните коронки, познати како заби на колче, и двојните, т.н. телескоп систем коронки.

Просторот во вториот дел е наменет на описот на протетичките мостовски конструкции. Појдовната материја дава основни инструкции за значењето на проблематиката, дефиницијата што е мост, неговиот биолошки и механички аспект, неговите делови, како и индикациите и контраиндикациите за негова изработка. Во продолжение, постапно е изнесена поделбата на мостовите, нивниот однос кон лигавицата, новите сознанија за статиката и специјалните начини за гавицата на забите за мостовските конструкции; потоа следуват современите и адекватни начини за изработка на мостовите, полирање и фасетирање.

Метал-керамиката е содржана во третото поглавје на учебникот. Иако изработката на керамичките коронки е пронајдок на 19. век, дури пронаоѓањето на новите порцелански маси дозволи да се појават новите метал-керамички изработки кон средината на нашето столетие. Авторот систематски ја опишува нивната изработка, навлегувајќи во материјата преку индикациите и контраиндикациите, а потоа продолжувајќи со многуте разни начини за препарација и отпечатување, кои мошне чувствително отстапуваат од нормите и методите за изработка на другите – обичните коронки. Во излагањето авторот се задржува на нивната изработка и на дефинитивното цементирање во устата на пациентот.

Несомнено, книгата доаѓа во вистинскиот миг. Тоа е практична книга, врз база на богато клиничко искуство и сопствени практични сознанија од претклиниката, и таа не само што инструира но и поттикнува на размислување. Од тоа размислување потекнува и дилемата – колку сме навистина блиски со проблематиката на едноделно леаните конструкции? Но, во интерес на вистината, треба да се изнесе дека таа, по содржина, форма, по своите коректни илустрации и цитати од литературата, како и по сопствените сознанија, ги отфрла догматските поставки на сите класични изработки, па можеме да заклучиме дека сме се здобиле со еден современ учебник, стилски дотеран и научно коректно систематизиран.

Со посебно задоволство може да се констатира дека е постигната синтеза на неопходната материја, која, безмалку, ги задоволува потребите на наставата во средните училишта, факултетите и потребите на постдипломската едукација. Чест ни е да ја имаме книгата *ЕДНОДЕЛНО ЛЕАНИ ФИКСНОПРОТЕТИЧКИ КОНСТРУКЦИИ* од доц. д-р Ефтим Мирчев, која е сепак плод на работата на Стоматолошкиот факултет во Скопје. Таа сигурно ќе го најде својот пат до читателите, а убеден сум, не само кај нас, туку и во средините на другите факултети во земјата.

М. Филјански

## *ЕНДОДОНЦИЈА – ПАТОЛОГИЈА И ТЕРАПИЈА*

Војислав Т. Павловиќ
Издавач: Институт за документацију заштите на раду
„Едвард Кардељ“ Ниш, 1982

Во 1982 година, како логично продолжение на комплетната обработка на проблемот на болестите на забниот орган, проф. Павловиќ ја објави „Ендодонцијата“.

Уште во почетокот на изложувањето на материјата се наметнува впечатокот дека низ текстот насекаде е присутна научната мисла во обработката на еднодонтската проблематика, пренесена од бројни странски стручни и научни списанија и книги, и една научна вистина која треба конечно да стане присуство во секојдневната практика.

Напишана е со цел превентивната идеја да го заземе местото на мортификацијата како тераписка постапка, а со тоа да ја приближи до денешниот степен на науката.

Книгата содржи седумнаесет глави, почнувајќи од првата која ја обработува пулпата со нејзините физиолошко-топографски соодноси и современите истражувања за нејзината хистолошка структурираност, како богат увод во содржината на другите поглавја.

Втората глава се однесува на класификацијата на заболувањата на пулпата, преку класификација на заболувањата на забниот орган во целина.

Авторот исцрпно ги анализира воспалителните процеси на пулпиното ткиво, етиолошки, патогенетски, симптоматолошки и патохистолошки, во третата глава од книгата. Поделени во мали подзаглавија и богато илустрирани, тие претставуваат одличен начин за прифаќање и разбирање на материјата од страна на студентите.

Во четвртата глава е даден осврт врз атрофијата и дегенерацијата на пулпата.

Биолошкото лекување на пулпата обработено во петтата глава, постапно е изнесено, со шематски и хистолошки приказ и со посебен акцент врз дентиногенетските цикатризирачки процеси.

Во шестата глава системно е прикажан процесот на виталната и морталната екстирпација. Апикалните цементогенетски цикатризирачки процеси се компаративно хистолошки изнесени во овој дел, кој завршува со сумарна табела на тераписките процедури.

Концепцијата за механичка и хемиска пенетрација во каналниот систем, изложена во седмата глава, дадена преку шематски и хистолошки приказ, многу разбирливо воведува во оваа клучна фаза од терапијата на заболувањата на пулпата.

Во осмата глава се концентрирани медикаментите што стојат на располагање за терапија на забните супстанции и за дефинитивна оптурација на каналниот систем, обработени низ призмата на нивното биолошко однесување.

Каналните инструменти се исцрпно и детално пренесени во деветтата глава. Осврт врз методите на одонтометријата е направен во десеттата глава. Единаесеттата глава претставува увод во општите поими, анатомските карактеристики, класификацијата и етиолошките аспекти на апикалните пародонтити, чијашто клиника, патоанатомија и патохистологија, по обработката на некрозата и гангрената во дванаесеттата глава, поединечно е изнесена во тринаесеттата глава.

Лекувањето на апикалните пародонтити е предмет на обработка во четиринаесеттата глава, каде што авторот, следејќи ја реакцијата на одделни ткива кон одредени тераписки постапки, ги насочува очекувањата за еден успешен процес на остеоцементогенетска цикатризација, како крајна цел на терапијата.

Проф. Павловиќ прави посебен осврт на средствата за дезинфекција на каналниот систем во петнаесеттата глава, а физичките методи за лекување на апикалните пародонтити ги изнесува во шеснаесеттата глава од учебникот.

Во седумнаесеттата глава се изнесени непожелните ефекти од ендодонтските лекувања, во форма на компликации, така што претставуваат потсетник за поголемо внимание и целисходно спроведување на тераписките процедури.

Земајќи го во целина сето она што е во овој учебник изнесено, се наметнува заклучокот дека проф. Павловиќ материјата ја групирал и дидактички ја поделил на помали поглавја. Со бројните изворни податоци, анализи, компарации и прикази, тој ќе служи не само за едукација на студентите туку и за поширок круг корисници.

Љ. Димкова-Матовска